Оливера Ќорвезироска

**КАЈМАКОТ НА НАШИТЕ ЗАДАДЕНИ И ЗАГАДЕНИ ЖИВОТИ**

Ми беше неопходно да го преспијам барем една ноќ „Кајмак“, како, впрочем, и секој филм на Милчо Манчевски. Не затоа што сношти не знаев каков впечаток ми остави туку затоа што впечатокот ми беше во таква раскошна множина, разлеан и мултиплициран во огледалото на сопствените очекувања од филмовите што ќе ме извадат од кондури (најчесто книжевни). Да преспијам, за да си ги обујам кондурите, да преспијам за да го променам граматичкиот број од множина (впечатоци) во еднина – впечаток. Да го избришам, да го светнам огледалото со крпата и со раката макар на еден лик од филмот, на пример, на Доста (Сара Климоска).

Иако не најважно, сепак како прво сакам да го наведам кокетирањето на насловот со самата приказна. Лекција како се извлекува наслов од приказна, лекција како се шнира/„цигува“ наслов низ „текст“. А потем, сѐ друго со ред, водено од скришните валенции за љубов во секого од нас. Оние, останати празни, несврзани, поради предрасуди, туѓи стандарди или очекувања од околината. „Кајмак“ е љубовно ангажиран филм за демоните во нас (да го направиме што поневидливо највидливото, она што најмногу ни треба за да преживееме) и околу нас (градежната мафија, манипулирањето со подолните, посиромашните, понемоќните или само покротките и почесните). Социјалниот и емоционалниот контраст на ликовите е идентичен со визуелниот и фотографскиот контраст на новите згради и трошните куќи во Скопје, седнати во истиот скут на силуваните улички.

„Кајмак“ се два триаголника совршено вглавени во квадратот на нашето заробено постоење во заробениот град, во заробената земја. Чудесна геометрија на мајчинството, сексот и безнадежноста за подобро. „Кајмак“ ни покажува дека нашите животи и да сакаат да се самоубијат – ќе се промашат, како што се промаши Карамба (Александар Микиќ). Се самоубиле или не, продолжуваме да живееме, уште поосамени.

Дополнителна возбуда за скопјани е што можат да ги препознаат своите улички, своите заробени секојдневија. Навечер (на филмското платно) да ги гледаат ликовите кои шетаат низ уличките во кои самите шетаат дење (во своите зададени и загадени животи). Тоа самото по себе Скопје го прави филм, а филмот го прави „прав скопјанец“, што е новото име на некогашниот „стар скопјанец“ кој веројатно се превртува в гроб, пробувајќи кајмак од остриот нож за сечење на минатото, на сеќавањата, на иднината и на надежта за подобро.